РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF LABOR AND SOCIAL POLICY

# ПИСМО ЗА НАМЕРА

**МЕЃУ**

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**(во следниот текст "Министерството за труд'')**

**И**

**ЕВРОПСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ИСТРАЖУВАЊЕ**
**(во следниот текст "Европскиот центар'')**

**ЗА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ВРАБОТУВАЊЕТО И СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА**

EUROPEAN CENTRE · EUROPÄISCHES ZENTRUM · CENTRE EUROPÉEN
FOR SOCIAL WELFARE POLICY AND RESEARCH · FÜR WOHLFAHRTSPOLITIK UND SOZIALFORSCHUNG · DE RECHERCHE EN POLITIQUE SOCIALE
AFFILIATED TO THE UNITED NATIONS · IN ZUSAMMENARBEIT MIT DEN VEREINTEN NATIONEN · AFFILIÉ AUX NATIONS UNIES

**Член 1**

Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија (во следниот текст "Министерството за труд'') и Европскиот центар за социјална политика и истражување (во следниот текст "Европскиот центар''), поврзан со Обединетите Нации, понатаму во текстот означени како - „Страните'' го склучуваат ова Писмо за намера, со цел да ја подобрат соработката во областите, вработување и социјална политика, како дел на функцијата на Европскиот Центар за "Градење мостови'' (компаративно истражување, трансфер на знаење и политичко советување во областа на социјалната политика), и реализација на заеднички проекти во иднина.

Овие цели се поддржани од Сојузното министерство за труд, социјални прашања и заштита на потрошувачи на Република Австрија.

**Член 2**

Соработката може да се одвива низ повеќе форми, како на пример:

- Заедничко аплицирање за проекти, финансирани од ЕУ;
- Заедничко спроведување на проекти, доколку едната договорна страна има обезбедено средства за финансирањето на проекти;
- Поддршка (на пр. преку обезбедување на „ најдобри практики'') при изработка на стратешки документи во областа на социјалната политика од страна на Министерството за труд и социјална политика на Р. Македонија (на пр. во контекст на политиката на ЕУ за проширување);
- Трансфер на знаења преку испраќање на соработници од министерството за труд и социјална политика на Република Македонија во Европскиот центар или нивно учество на работилници и семинари, кои ќе се одржуваат од страна на Европскиот центар.

**Член 3**

Врз основа на ова Писмо, во иднина ќе треба заеднички да се одредат и реализираат и други форми на соработка.
Поради тоа ќе треба да се има постојани контакти и координација меѓу Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија и Европскиот центар. За таа цел, Министерството за труд и социјална политика ќе назначува'National Liaison Official', кој во исто време ќе биде и контакт лице за врски.

Во согласност со статутот на Европскиот центар (од 20 ноември 2015 година) одговорното лице за врски е клучното место за контакт, со цел да се поддржат целите на центарот во таа земја и активно да се унапредат интересите на земјата во состав на центарот.

Одговорното лице за врски треба да има сеопфатно познавање за лицата, структурите и социјална сигурност во таа земја и да биде во состојба да ги идентификува јавните и приватните актери како и националните експерти во областа на социјалното истражување и да се активира нивната соработка со Европскиот центар.

Одговорното лице за врски ќе известува периодично (најмалку еднаш годишно) во рамките на „ Состаноците на генералното собрание'' за развојот на социо-политичката

положба на Македонија, за да се дискутира за понатамошната соработка во контекст на финансиските можности.

Контакт лица се:

- од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија: м-р Александар Георгиевски, Раководител на Сектор за европска интеграција и меѓународна соработка,
  Е-меил : ageorgievski@mtsp.gov.mk

  и

- од страна на Европскиот центар: д-р. Каи Лајсенринг, Извршен директор,
  Е-меил: leichsenring@euro.centre.org

Договорните страни навремено се информираат меѓусебно во случај на промена на одговорното лице за врски.

**Член 4**

Учеството на договорните страни во заеднички проекти се заснова на реалните можности за кофинансирање. Целта е да се обезбеди финансирање на проектите од страна на надворешни фондови.

**Член 5**

Писмото за намера се склучува за период од три години. Стапува во сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни и може во рок од (30) триесет дена со меѓусебно известување да се раскине.

**Член 6**

Писмото за намера е изготвено и потпишано во два оригинални примерока на македонски, германски и англиски јазик од договорните страни. Сите верзии се еднакво веродостојни. Секоја од договорните страни задржува по една копија на македонски, германски и англиски јазик.

Потпишано во Виена на 25.08. 2016 година.

**За Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**

**Диме Спасов, Министер**

**За Европскиот центар за социјална политика и истражување**

**Др. Каи Лајсенринг, Извршен Директор**